РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr. 09 - 5774/2
01 -12- 2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 40 став 2 од Деловникот за работа („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 42-тата седница, одржана на ден 27.11.2020 година донесе

## Одлука

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-5774/1 од 25.12.2019 година, доставена од познат подносител СЕ ОТФРЛА. Државната комисија нема елементи за да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси за ----------------, поранешен Министер за -------------- во постапка за избор на амбасадор на ------------- за лицето --------------------.

Предметот со број 09-5774/1 од 25.12.2019 година да се затвори и да се архивира

## Образложение

Предметот со број 09-5774/1 од 25.12.2019 година е оформен врз основа на претставка од страна на политичка партија ----------- со наводи дека лицето ---------------, како член на Комисијата во Министерството за образование и наука одлучувало за доделување на стипендија за студирање во странство на ќерката на Министерот -----------, а Министерот за да му се оддолжи го предложил истото лице за амбасадор во --------------- .

Државната комисија со Одлука 09-2691/4 од 20.09.2019 година не утврди влијание од страна на именувано лице ------------- при постапка за доделување на стипендии за школување во странство на негово блиско лице, кои ги доделува Министерство за образование и наука, бидејќи сите кандидати кои ги исполниле условите по распишаниот оглас за доделување на стипендија за школување во странство се примени, односно блиското лице на именуваното лице ги исполниле бараните услови во наведениот оглас. Поранешниот министер за надворешни работи лице не било вклучено во ниту во еден сегмент од постапката за доделување на стипендии.

Од тој аспект, со оглед на фактот дека не е утврдена состојба на судир на интереси во постапката за доделување на стипендии за блиското лице на поранешниот Министерот ----------, ниту од страна на Министерот, ниту од страна на Комисијата при Министерството за образовани и наука, која ја спровела целокупната постапка, Државната комисија смета дека

поранешниот Министер ------------- нема друг приватен интерес во постапка за избор на амбасадор на ------------ преку предлог на лицето -------------, што влијае или може да влијае врз не пристрасното вршење на неговите јавни овластувања и должности.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска